# СОНЦЕТО ВО ОПШТИНСКАТА ХЕРАЛДИКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Јован Јоновски

*(Оваа статија беше презентирана на 32 Интернационален конгрес на генеалошки и хералдички науки, одржан во Глазгов, Шкотска, 2016)*

Територијалната или месната хералдика се занимава со грбови чиишто титулар - носител е територија или населено место. Територија може да биде држава, република, покраина, провинција, регион, округ, околија и слично, која е уредена со посебна територијална поделба. Додека населено место може да биде метропола, град, село, населено место, но и општина и месна заедница. Месната хералдика е во тесна поврзаност со системот на административната поделба, која пак, може да биде на неколку нивоа. Република Македонија во текот на своето постоење доживеала неколку територијално - административни поделби. Во Социјалистичка Република Македонија по Втората светска војна имало повеќе територијални поделби, и во 1965 година биле укинати околиите и како единствена административна поделба останале само 32 општини и Градот Скопје како посебна административна единица. Територијалните поделби беа регулирани со Уставниот закон, каде што, пак, не се споменуваа грб или знаме на општините иако некои општини користеле и квази грбови.

Во 1996 година Република Македонија беше поделена на 123 општини и градот Скопје.[1] Овој пат територијалната поделба е регулирана со закон, при што првпат се прави обид некако да се регулира подрачјето на општинската хералдика.




# THE SUN IN MUNICIPAL HERALDRY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Jovan Jonovski

*(This paper was presented at the 32 International Congress of Genealogical and Heraldic Sciences, held in Glasgow, Scotland, 2016)*

Municipal heraldry deals with Coats of Arms where the armiger is a territory or settlement. The territory may be the state, a republic, province, region, district, a borough or similar. While the settlement may be a metropolis, city, town, village, township, municipality or local community. Municipal heraldry is closely related to the system of administrative divisions, which in turn, can be on several levels. In the Socialist Republic of Macedonia, after WWII there were several territorial divisions and, in 1965, districts were abolished and a single-level administrative division with 32 municipalities was introduced alongside the City of Skopje as a separate administrative unit. The territorial divisions were governed by the Constitutional Law, where there is no mention of arms nor flags of the municipalities, although some municipalities used quasi-Coats of Arms.

In 1996, Macedonia was divided into 123 municipalities plus the City of Skopje.[1] This time the territorial division was regulated by Law and is the first attempt to somehow regulate the field of municipal heraldry. This Law allows municipalities to adopt arms and a flag. The Law only prescribes that the arms and the flag should be different from the arms and

Законот им овозможи на општините да имаат грб и знаме. При што тие треба да се разликуваат од грбот и знамето на Република Македонија и од грбовите и знамињата на другите општини, како и од грбовите на другите земји и од грбовите и знамињата на општините во други земји, како и од грбовите и знамињата на меѓународните организации во другите земји.[2]

Во 2004 година бројот на општините се намали на 84, а во 2013 бројот на општини стана 80. Градот Скопје има посебен статус во кој влегуваат 10 градски општини. Постојат и 8 плански и статистички региони кои немаат статус на административни региони во смисла на административна поделба. Законот повторно ја регулира само регистрацијата на грбовите, без да навлезе во суштината на нивниот дизајн и користење.[3]

Најголемиот дел на општинските статути пропишуваат дека грбот се добива преку конкурс. Речиси сите конкурси гласат: „Грбот треба да содржи елементи кои ги претставуваат историската традиција, културното наследство, пејзажните карактеристики, географските, економските и други карактеристики на општината“.[4]

Најизразени елементи се фабрики, фабрички оџаци и запчаницисимболи на работничката класа, како и полиња, класје, симбол на земјоделството, како и сонцето - симбол на посветлата иднина. Најчест симбол присутен на грбот е сонцето – симбол на посветлата иднина.

Поголемиот дел од грбовите имаат пејзажна идеологија и се далеку од класичната хералдика. Во студијата од 2015 година, општинските грбови беа класифицирани во 4 категории според нивниот хералдички потенцијал: (1) Хералдички - грбови кои, во согласност со Месниот хералдички систем на Македонското хералдичко здружение се сметаат хералдички или би можеле да станат






„Грбовите“ на Кисела Вода и Новаци, претставници на пејзажната хералдика/
„Arms“ of Kisela Voda and Novaci, representatives of Landscape heraldry.

flag of the Republic of Macedonia and of other municipalities and of municipalities in other countries, as well as different from the arms and flags of international organizations in other countries.[2]

In 2004, the number of municipalities was reduced to 84, and in 2013 the number of municipalities became the current 80 plus the city of Skopje having a special status which includes 10 municipalities. There are 8 planning and statistical regions that do not have the status of administrative regions. The Law again only regulates the registration of coats of arms, without entering into the technicalities of their design and use.[3]

The majority of municipal Statutes stipulate that arms are obtained through public competition. Almost all competitions read as follows: “The arms should contain elements that represent the historical tradition, cultural heritage, landscape features, geographical, economic and other characteristics of the municipality”.[4]

The most commonly used elements are factories, factory chimneys and cogwheels - symbols of the working class and fields or stalks of wheat, a symbol of agriculture, and the sunrise - a symbol of a brighter future.

The majority of the arms have a landscape ideology and are far from classical heraldry. In the 2015 study, municipal coats of arms were classified into 4 categories according to their heraldic potential: (1) Heraldic – coats of arms that, according to the Civic Heraldic System of the Macedonian Heraldry Society are considered heraldic or could become so with only minor changes. This category has 15 arms or 18%; (2) Potentially heraldic - coats of arms with heraldic elements that need to be provided with

со само мали промени. Оваа категорија содржи 15 грбови или 18%; (2) потенцијално хералдички - грбови со хералдички елементи на кои им треба хералдички емблазон - 9 грбови или 11%; (3) грбови со хералдички потенцијал - грбови што може да бидат емблазонирани хералдички по отстранувањето на нехералдичките елементи како што се текст и ленти со името на општината. Има 6 такви грбови или 7%. (4) Оние без можност да се хералдизират. Во оваа група спаѓаат останатите 51 или 63%.

Од погоре кажаното, постои поткатегорија на пејзажни грбови која се состои од 31 грб; квази хералдички се 19 грба, и 11 логоа.

Најчест амблем е сонцето, кое се појавува на 33 грбови или 41%.



Пајонска монета Дерони 479-460 пне/
Paeonian coin, Deronius 479-460 BC

## СОНЦЕТО КАКО СИМБОЛ

Сонцето отсекогаш ги фасцинирало луѓето, и поради неговата сила и моќ што циклично се менува. Тоа е едно од првите божества, кое има одраз во сите култури. Сонцето симболизира нов почеток, нова ера, слобода или благосостојба. Независноста на нацијата е тесно поврзана со слободата на народот и ова е еден од главните мотиви за избор на сонцето како симбол. Сонцето од македонското знаме, претставува симбол на независноста и слободата, долговековната желба на народот за своја независна држава и самостојно управување на својата територија.[5]

Сонцето е симбол во Македонија од древноста па сè до модерното време, кога се наоѓа на грбот, на знамето и во химната. Сонцето како симбол и култот кон него се појавуваат уште кон крајот на бронзена доба. Богот на сонцето Аполон бил почитуван и од Пајонците за што сведочат и монетите на пајонскиот цар Ликеј. Сонцето се наоѓа и на мноштво монети ковани од македонските кралеви.[6]



Керамика, Виничко кале/
Ceramics, Vinica fortres

an heraldic emblazon - 9 arms or 11%; (3) Arms with some heraldic potential - arms that may be emblazoned heraldically following the removal of such non-heraldic items as, especially, text and text scrolls with the name of the municipality. There are 6 such arms or 7%. (4) Those without any possibility to be considered heraldic. These comprise the remaining 51 or 63%.

Underlying the above, there is a subcategory of Landscape Arms - consisting of 31 such arms; a Quasi heraldic are 19 Arms, and in logos there are 11.

The most frequent charge is the sun, appearing on 33 of the arms or 41%.

## THE SUN SYMBOL

The sun has always fascinated people, especially its strength and power that changes cyclically. It was one of the first deities, which is reflected in all cultures. The sun symbolizes variously a new beginning, a new era, freedom or prosperity. The independence of the nation is closely related to the freedom of the people and this is one of the main reasons for the choice of the sun as a symbol. The sun of the Macedonian flag is a symbol of the independence and of freedom – the long held desires of the people for an independent state and the independent management of its territory.[5]

The sun has been a symbol in Macedonia from antiquity until modern times when it can be found on the national Arms, on the flag and in the national anthem. The sun symbol and its cult first appear recorded at the end of the Bronze Age. The sun god Apollo was respected by Paeonians, as is evidenced by the coins of the Paeonian king Lyceum. The sun is also found on the coins minted by the Macedonian kings.[6]

Сонцето како моќен симбол продолжува и во сликарството во Византија, како на фреска во Св. Андреја, Матка од 14 век, на фасадата на црквата Св. Ѓорѓи во Старо Нагоричане (почеток на 14 век).[7] Со сонце се посеани[8] и штитовите на светите воини од црквата свети Пантелејмон од Нерези.[9]

Сонцето како национален симбол се јавува на знамето на Македонија предложено од страна на македонската колонија во Санкт Петербург во 1914 година. Знамето било црвено со бела четврт (во горниот копјен дел), во кој се наоѓа црвен разгневен[10] еднорог. Во долниот слободен агол има четврт златно сонце со многубројни тенки златни линиски зраци, со текст: „Една независима Македониіа".[11]

Сонцето се јавува како симбол на грбот на Народна Република Македонија и нејзината химна, а по осамостојувањето, сонцето ќе се најде и на знамето, најнапред со 16 конвергентни краци, а подоцна со 8 дивергентни краци.

## СОНЦЕТО ВО ХЕРАЛДИКАТА

Сонцето во хералдиката се претставува на еден начин, наречено сонце во раскош.[7] Тоа се претставува со сончев диск од кого излегуваат наизменично прави и брановидни зраци. Дополнително, дискот може да има карактеристики на човечко лице. Бројот на зраците, кои секогаш се директно поврзани на дискот, може да биде различен.[12]

Во македонската територијална хералдика употребените сонца имаат всушност вексилолошки карактеристики и затоа треба да се разгледаат вексилолошките претстави на сонца. Веб страницата Знамиња на светот FOTW (Flags of the World,) дава 5 типа на сонце во вексилологијата: 1. сонце во раскош – хералдичко сонце; 2. сончеви зраци – сонце од кое непосредно излегуваат зраци од кој било тип; 3. сончев крст – кружница со впишан крст; 4. Сончев диск – сонце без краци; 5. Сончев симбол – каков било симбол на сонце различен од погоренаведените.[13]



Класични хералдички сонца/
Clasical Heraldic Suns

The sun as a powerful symbol continues to appear in paintings under the Byzantine empire. For instance, in the mural at St. Andrea at Matka Canyon near Skopje, (14c); on the façade of the church of St. George in Staro Nagorichane (early 14c)[7]; and on the shields of the holy warriors in the church of Saint Panteleimon of Nerezi (12c) which are semée of suns.[9]

The sun as a national symbol appears on the flag of Macedonia proposed by the Macedonian colony in St. Petersburg in 1914. The flag was Gules with a Gules unicorn rampant on canton Argent. In the lower corner, there is one quarter of a sun Or with multiple thin linear rays, with inscription above the rays: "One Independent Macedonia".[11]

The sun appears as a symbol on the arms of the People's Republic of Macedonia and its anthem and, after the independence, the sun also features on the flag, first with 16 converging rays and later with 8 diverging rays.

## THE SUN IN HERALDRY

The sun in heraldry is normally represented in only one way, called the "sun in splendour". It is commonly represented by the sun disk from which alternately emerge straight and wavy rays. In addition, the disc may have the features of a human face. The number of rays, which are always directly emerge from the disk, can vary.[12]

The sun as appearing in municipal arms in Macedonia currently is of various types of suns similar to those that appear on the flags and therefore, should be considered as vexillologic representations of suns. The FOTW (Flags of the World) website illustrates 5 types of sun: 1. The Sun in Splendour – the heraldic sun; 2. Sunlight – a sun of any type with rays directly emerging; 3. Solar Cross - a circle with a cross; 4. Solar disk – a sun without rays; 5. Solar Symbol - any symbol of the sun other than the above.[13]

However, in Macedonian municipal heraldry there are five main types of sun: 1. The solar

Сепак во македонската територијална хералдика има пет основни типа сонце: 1. сончев диск - сонце без зраци; 2. хералдичко сонце –сонце во раскош; 3. сонце со дивергентни зраци - зраци кога тие се шират од дискот и 4. сонце со конвергентни зраци - кога зракот, независно од почетокот, има свој крај во една точка, и 5. сонце тип Кутлеш, посебен тип на сонце со конвергентни зраци, кое се наоѓа на капакот на саркофагот од кралската гробница во Кутлеш.[14] Тоа всушност, хералдички претставува ѕвезда, но поради перцепцијата се смета за сонце со мал диск и зраци што започнуваат од полукруг и продолжуваат со должина многукратно поголема од димензиите на дискот. Има примарни и секундарни зраци кои започнуваат на поголемо растојание од централниот диск, но завршуваат на исто растојание со примарните зраци. Сонцето од овој тип може да има и 6, 8, 12 и 16 зраци.[16]

Кај сонцата со зраци, важна карактеристика е дали зраците започнуваат директно од дискот или постои простор меѓу нив. Понекогаш зраците се присутни без диск. Тука тие ќе бидат типизирани како соодветниот тип на сонце со диск. Ова се прави од причина што сончевите зраци во хералдиката можат да постојат и сами, но тоа е сосем друг феномен. Сончевите зраци можат да излегуваат од други хералдички фигури и тогаш тие се блазонираат „во сјај“.

Според позицијата, сонцето може да биде „во изгрев“ кога се гледаат само делови од сонцето зад други елементи, често планина.

## ТИП 1. СОНЧЕВ ДИСК;

Овој тип претставува наједноставна претстава на сонцето само преку еднобоен круг, без зраци. Може да биде видлив целиот диск, или пак да биде закриен некој дел, и тогаш станува збор за сонце во изгрев.

Овој тип сонце е застапен на грбовите на три општини, Желино, каде е дел од пејзаж, сонцето е бело над синиот хоризонт; во грбот на Студеничани сонцето е истотака дел од пејзажна композиција, каде жолтото сонце од зад планина изгрева на сина позадина. Сонцето од Теарце е од истиот тип и во изгрев, но тука сонцето е жолто.

disc - without the sun's rays; 2. Heraldic sun – the sun in splendour; 3. The sun with divergent rays - when the rays spread from the disk; 4. The sun with convergent rays - when the rays, regardless of their origins, end at a single point; and lastly 5. Sun of Vergina (Kutleš), a special type of sun with convergent rays, that although it could be found in many places, is named after the sun symbol located on the lid of the sarcophagus of the royal tombs in Vergina.[15] Heraldically, actually it is a star, but due to perception it is considered sun with small sun disk, usually with an equal number of primary and secondary rays, where the rays begin with a semicircle. The secondary ones are shorter and start at a greater distance from the central disk but they end at the same distance as the primary rays. The sun of this type can have 6, 8, 12 or 16 rays.[16]

In suns with rays, an important consideration is whether the rays begin directly from the disk or there is space between them. Sometimes the rays are present without the disk. Here they will be typified as the type of those with a sun disk. This is done because the sun's rays in heraldry can exist alone but it is quite a separate phenomenon. The sun's rays can emerge from other heraldic figures and then these are blazoned "rayonnée".

The sun can be part of a "sunrise" when only parts of the sun are seen and the remainder is behind the horizon or other elements, often mounts.

## TYPE 1. SOLAR DISK

This type is the simplest representation of the sun with only a round disc, without rays.

This type of sun is represented on arms of three municipalities, Želino, where it is part of the landscape - the sun is Argent over an Azure horizon; on the arms of Studeničani - the sun is also part of the landscape composition, where the sun Or rises from behind the mountain on an Azure field. Sun of Tearce is the same.



Тип 1 – type – сонцето од грбот на Желино / Sun from Arms of Želino.

## ТИП 2. ХЕРАЛДИЧКО СОНЦЕ

Класичното хералдичко сонце има сончев диск од кого, најчесто, излегуваат наизменично прави и брановидни зраци кои секогаш се директно поврзани на дискот. Дополнително, дискот може да има карактеристики на човечко лице. Бројот на зраците, во главно не е дел од блазонот туку потпаѓа под хералдичката уметничка интерпретација, иако за некои грбоносци бројот на зраци има посебна важност.

Овој тип сонце е застапен на знамето на Аеродром како челенка на грбот. Сонцето е жолто со 24 брановидни зраци од кои се видливи 13. Сонце од овој тип не се јавува на штитот на ниту една општина.



Тип 2 – type– сонцето од челенката на грбот на Аеродром / Sun from Crest of Aerodrom.

## TYPE 2. HERALDIC SUN

A classical heraldic sun has a solar disk and, usually, alternately straight and wavy rays always directly connected to the disc. Additionally, the disk can have features of a human face. The number of rays in general is not part of the blazon but falls under heraldic artistic interpretation, although for a number of armigers, the number of rays has special importance.

The sun of this type is represented as a crest on the arms of Aerodrom. The sun Or has 24 wavy rays of which 13 are visible. A sun of this type does not occur in the shield of any municipality.

## ТИП 3. СОНЦЕ СО ДИВЕРГЕНТНИ ЗРАЦИ

Сонцето со дивергентни зраци има диск од кого радијално се шират дивергентни зраци. Од овој тип е сонцето на грбот и на знамето на Република Македонија. Зраците можат да се шират до рабовите на полето (штитот) или да престанат да се шират и со тоа да формираат амблем.

Од овој тип сонце има на 12 грбови, од кои 9 се во позиција на изгрев, односно дел од сонцето се наоѓа под хоризонтот. Над хоризонтот најчесто се гледаат пет или осум зраци (вкупно во 7 грба: Василево, Карбинци, Кисела Вода, Пехчево, Сопиште, Чашка, Шуто Оризари). Грбовите на Зрновце и Ресен имаат 12 односно 13 видливи зраци.

Сонце над хоризонтот имаат Бутел, Демир Капија и Зелениково, каде жолтото сонце се наоѓа на синото небо.

Сонцата со дивергентни зраци можат да имаат уште две карактеристики: 1. зраци кои излегуваат веднаш од дискот и 2. зраци кои се прекинати или одат до крајот на полето. Само во грбот на Ресен дивергентните зраци се прекинати.

Освен во грбот на Шуто Оризари, во сите други сонцето е дел од пејзаж.



Тип 3 -type. Сонцето од грбот на Бутел. /The sun on the arms of Butel.

## TYPE 3. THE SUN WITH DIVERGENT RAYS

Sun with divergent rays where the rays spread radially and divergently from the sundisc. The sun in the arms and the flag of the Republic of Macedonia is of this type. The rays can spread to the edges of the field (the shield) or be erased and thus form an emblem.

This type of sun is found in 12 arms, on 9 of which there is a sunrise - that is where part of the sun is below the horizon. The suns have five or eight visible rays (total 7 Arms: Vasilevo, Karbinci, Kisela Voda, Pehčevo, Sopište, Čaška, Šuto Orizari). The arms of Zrnovci and Resen have 12 or 13 visible rays respectively.

The sun can be found above the horizon in the arms of Butel, Demir Kapija and Zelnikovo, where sun Or is on Azure sky.

A sun with divergent rays can have one of two characteristics: 1. the rays can emerge immediately from disk or with a gap; 2. the rays can be erased or could continue out to the field. Only the arms of Resen has a sun with divergent rays that are cut.

With the exception of the arms of Šuto Orizari, all other

Од поттиповите на овој тип сонце, 7 сонца се со зраци споени со дискот а 5 се со зраци одвоени од дискот.

## ТИП 4. СОНЦЕ СО КОНВЕРГЕНТНИ ЗРАЦИ

Сонцето со конвергентни зраци има диск од кого излегуваат зраци со дефинирана должина. Зраците можат директно да излегуваат од дискот или може да бидат одвоени. Зраците можат да бидат триаголни, како едноставна форма или да имаат друга форма (ромбовидна). Доколку зраците имаат полукружен почеток, тогаш тие се сметат за следниот тип сонце - Кутлеш.

Од овој тип сонце има 12 грба од кои кај 5 грба сонцето е дел од стилизиран пејзаж, бидејќи полето на кое се наоѓа сонцето не е сино. (Гевгелија, Градско и Дебарца, Македонски Брод и Новаци).

На другите 7 грба (Богданци, Босилово, Ѓорче Петров, Карпош, Кривогаштани, Неготино и Струмица) сонцето се јавува како амблем во полето, а кај два грба, сонцето е искомбинирано со друг симбол.

Од поттиповите на овој тип сонце, 4 сонца се со зраци споени со дискот а 6 се со зраци одвоени од дискот.



**Тип 4 -type - сонцето од грбот на Неготино /The sun on the arms of Negotino.**

## ТИП 5. СОНЦЕ ТИП КУТЛЕШ

Сонцето од типот Кутлеш, е сонце со мал диск и зраци што започнуваат од полукруг и продолжуваат со должина поголема од димензиите на дискот. Најчесто, има еднаков број на примарни и секундарни зраци кои се пократки од примарните.

Во овој тип спаѓаат 5 грбови (Виница, Илинден, Конче, Могила и Росоман). Сите сонца се изгревачки со жолта боја од кои 4 се на сина и 1 на црвена позадина. Три сонца се со 16 краци од кои се гледаат помалку, а две сонца се со 26 зраци.



**Тип 5 -type - сонцето од грбот на Могила /The sun on the arms of Mogila.**

suns are part of a landscape.

Subtypes of this type of sun: 7 have suns whose rays are joined to the disk and in 5 the rays are separated from the disk.

## TYPE 4. SUN WITH CONVERGING RAYS

The sun with convergent rays is a disc from which rays of a defined length emerge. The rays can spring directly from the disc or can be separated. Rays can have a simple triangular shape or have another shape (e.g. diamond). If the rays begin with a semi-circle, then they are considered to be the next type sun – that of Kutleš.

This type of sun is found on 12 arms in 5 of which the sun is part of a symbolic landscape, Azure sun Or (Gevgelija, Gradsko, Debarca, Makedonski Brod and Novaci).

On another 7 Arms (Bogdanci, Bosilovo, Gjorče Petrov, Karpoš, Krivogaštani, Negotino and Strumica) the sun appears as an emblem in the field, and in 2 other arms, the sun is combined with another symbol.

Subtypes of this type of sun: 4 suns have rays joined to the disk and 6 rays are separate from the disk.

## TYPE 5. SUN OF KUTLEŠ TYPE

The sun of Kutleš type is a small sun disk with rays beginning with a semicircular base, and continue with a length larger than the disc. Most often, there is an equal number of primary and secondary rays are shorter than the primary.

The sun of this type include 5 arms (Vinica, Ilinden, Konče, Mogila and Rosoman). All of these are in a sunrise Or, 4 of which are on Azure and 1 on Gules. Most of the suns have 16 rays of which less are visible, while two suns have 26 rays.

## СОНЦЕТО ВО ОПИСИТЕ НА ГРБОТ ДАДЕНИ ОД ОПШТИНИТЕ

Официјалните описи[17] на општинските грбови може да се класифицираат во 5 категории:

1. Нема официјален опис - Општинските службеници/вработени не се сеќаваат дека има официјален опис на грбот, туку само слика.

2. Не се споменува сонцето - обично грбот е опишан како: „локалниот пејзаж“, „околината“, „географските специфики“.

3. Содржината на грбот е само наброена - Грбот е опишан како список на елементи: „На грбот на Општината има: поле, небо, сонце...“.

4. Сонцето е опишано како изгрејсонце - Содржината на „грбот“ е опишана како: „Зад планината изгрева сонце“.

5. Подетален опис - Содржината на „грбот“ е опишан како: „Половина од сонце со 13 видливи зраци кои излегуваат од сонцето, зраците се брановидни“.



Сонцето од второто поле на грбот на Струмица, опишано во Статутот како „во десниот горен агол има сонце“ /The sun from second quarter of the on the arms of Strumica, described in the Constituton as „In the upper right corner, there is the sun.“

## SUN IN THE MUNICIPALITIES‘ DESCRIPTION OF THE ARMS

The official description[18] of the coat of arms Municipalities could be classified in 5 categories:

1. No official description at all. – Municipality officials/employees do not recall having an official description of the arms, just the image of it.

2. No mention of the sun - usually the arms are described as: “the local landscape”, “Surrounding”, “Geographic specifics”.

3. The content of the arms is just listed, - arms described by listing the elements: “On the Arms of the Municipality there are: field, sky, sun...”

4. Sun described as Sunrise - The content of the “Arms” is described as: “Behind the mountain there is a sunrise”.

5. More detailed description - The content of the “Arms” is described as: “There is a half of the sun with 13 visible rays coming out of the sun, the rays being wavy.”

## ЗАКЛУЧОК

Од општинските грбови во земјата (вклучувајќи го грбот на Градот Скопје), 33 од грбовите, или 41%, содржат сонце како амблем, со што сонцето е најчест амблем во општинските грбови. Постојат пет видови на сонцето претставени на општински грбови: 1. сонце без зраци (3 грба); 2. хералдичко сонце (еден грб); 3. Сонце со дивергентни зраци (12 грбови); 4. Сонце со конвергентни зраци (12 грбови); и тип 5. Сонцето тип Кутлеш (5 грбови).

Во 25 грбови, или 76%, од грбовите со сонце, тоа е само дел од пејзажот, или како феномен - изгрејсонце. Треба да се напомне дека сонцето во овие грбови се дефинира како „зад планината“, „изгрејсонце“ - химната пее за раѓањето на сонцето - изгрејсонце.

Во однос на хералдичката природа на грбовите кои содржат сонце, 17, или 52%, се пејзажни грбови без можност да се хералдизираат; 5 или 15%, се квази-хералдички; тие заедно даваат

## SUMMARY

From the municipal arms in the country (including the arms of the City of Skopje), 33 of the arms, or 41%, contain a sun emblem, making the sun the most frequent charge in municipal arms. There are five types of sun represented on municipal arms: 1. The sun without rays (3 arms); 2. The heraldic sun (a single example); 3. A sun with divergent rays (12 arms); 4. A sun with converging rays (12 arms); and type 5. The sun of Vergina (5 arms).

In 25 arms, or 76%, of the arms with sun, the sun is just part of the landscape, or as a phenomenon – a sunrise. It should be noted especially that the sun in these arms is defined as “behind the mountain”, “a sunrise” - the national anthem sings about the birth of the sun - sunrise.

Regarding the heraldic nature of the arms containing a sun: 17, or 52%, are landscape arms without the possibility to be considered heraldic;

67% од грбовите што, идеално, треба да се заменат со хералдички. Од друга страна, 3 или 9% се хералдички; 3 или 9% со можност да станат хералдички; и уште 5 или 15% имаат хералдички потенцијал.

Сумирано, од хералдички грбови има 2 со сонце со конвергентни зраци; 1 со хералдичко сонце; од грбовите со можност за хералдизација, 2 се со конвергентни зраци и 1 со дивергентни зраци; од грбовите со хералдички потенцијал, 4 со конвергентни зраци, 1 со хералдичко сонце, 1 со дивергентни зраци и 1 со сонцето тип Кутлеш. Од вкупно 8 со конвергентни зраци, 1 е со дивергентни зраци и 1 со сонцето тип Кутлеш. И едно дивергентно сонце треба да се замени со конвергентно сонцето во текот на процесот на хералдизација. ■




**Застапеноста на типовите сонце во општинските грбови во Република Македонија/ Prevelance of the sun type in the municipal coats of arms in the Republic of Macedonia**

5, or 15%, are quasi-heraldic; together giving 67% of arms that need ideally to be replaced with heraldic ones. On the other hand, 3 or 9%, are truly heraldic; 3 or 9%, with the possibility of becoming heraldic; and a further 5 or 15% have heraldic potential.

In summary, out of the heraldic arms there are 2 with a sun with convergent rays; 1 heraldic sun; of arms with the possibility of being made heraldic, there are 2 with convergent rays and 1 with divergent rays; of arms with heraldic potential, there are 4 with convergent rays, 1 heraldic sun, 1 with divergent rays and 1 Kutleš sun. Of a total of 8 with convergent rays, 1 with divergent rays and 1 Kutelš sun. And a divergent sun is to be replaced with a convergent sun during the process of rendering it heraldic. ■

**НАВОДИ • ENDNOTES**

1 Закон за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, *Службен весник* 49/96./ Law on territorial division of Macedonia and identifying areas of local government, *Official Gazette* 49/96.

2 Закон за локалната самоуправа, *Службен весник* 52/95./ Law on Local Self-Government, *Official Gazette*, 52/95.

3 Закон за локалната самоуправа, *Службен весник* 55/04./ Law on Local Self-Government, *Official Gazette* 55/04.

4 „Одлука за начинот и постапката на утврдување на грб и знаме на Општина Карпош", *Гласник на Општина Карпош*, број 6 од 20. 6.2005.

5 Никола Стојановски, „Симболот на сонцето во вексилологијата", *Македонски хералд* бр.9, Македонско хералдичко здружение, Скопје, 2015, 22./ Nikola Stojanovski, "Symbol of the sun in Vexillology" *Macedonian Herald* 9, Macedonian Heraldry Society, Skopje, 2015, 22.

6 Eftimia Pavlovska, *The Coins and the Monetary Systems in Macedonia*, National Bank of the Republic of Macedonia, Skopje, 2012, 50.

7 Е. Апостолова, „Компаративната анализа на керамопластичната декорација на фасадите на средновековните цркви во периодот XII-XIV век со мотиви од народните везови во Македонија", *Македонски фолклор*, XXXV/67, Скопје, 2009, 199.

8 Посеано – на полето на штитот има многу мали амблеми рамномерно распределени при што оние покрај рабовите на штитот се отсечени.

9 Јован Јоновски, „Хералдичка анализа на штитовите од Нерези", *Македонски хералд* 3, Скопје, 2009, 24./ Jovan Jonovski "Heraldic analysis of the shields from Nerezi" *Macedonian Herald* 3, Skopje, 2009, 24.

10 Разгневен – хералдичка поза кога животното стои исправено на една нога, другите се зафрлени нанапред.

11 *Македонскiй Голосъ*, С. Петербургъ, Органъ сторонниковъ независимой Македонiй, бр 9, 1914, 2.

12 Brooke-Little, J.P., *An Heraldic Alphabet*, Robinson Books, London, 1996, 198.

13 *Dictionary of Vexillology: S; Flags of the World*, http://www.crwflags.com/fotw/flags/vxt-dvs8.html, (проверено на 6.1.2016).

14 Сонцето од тип Кутлеш се наоѓа и на други археолошки локалитети во Република Македонија, како на 12-те керамички чаши за вино откриени близу до Самуиловата тврдина во Охрид. На дното на чашите е претставено шеснаесеткрако сонце. Понатаму на македонските штитови од гробницата во Бонче датирана од 4 век пр.н.е. (Кузман, Паско. Елизабета Димитрова, Јован Донев. ред. *Македонија, милениумски културно историски факти*, Медиа Принт Македонија, Универзитет „Евро-Балкан", Том 2, Скопје 2013, 676.

15 Sun of Vergina type has also been found at other archaeological sites in the country, as the 12 ceramic wine glasses found near Samuil's Fortress in Ohrid. A Kutlesh type sun is shown in the base of the cups. Also in the Macedonian shields in the tomb in Bonce dating from the 4th century BC (Кузман, Паско. Елизабета Димитрова, Јован Донев. ред. *Македонија, милениумски културно историски факти*, Медиа Принт Македонија, Универзитет „Евро-Балкан", Том 2, Скопје 2013, 676.

16 Јован Јоновски, *Симболите на Македонија*, Силсон, Скопје, 2015, 197.

17 Обично се наоѓа во Статутот на општината. Тука е претставена само категоризацијата, без статистичка анализа, бидејќи не се достапни Статутите на сите општини.

18 Usually found in the Statute of the Municipality. Here only categories will be listed, without statistical analysis since not all of the municipalities have available Statutes.